РАФОМЕТРИКС

Година 3, Број 2 (тематско издание)

ГРАФОМЕТРИКС е редовна публикација на Finance Think што содржи важни тековни информации за домашната, регионалната и светската економија претставени низ графички прикази.

ФОКУС: ДОЗНАКИ

- Според истражување на Меѓународниот Монетарен Фонд, македонската дијаспора најмногу е распространета во: Германија (23%), Италија (22%), Австралија (13%), Швајцарија (11%), Турција (7%), Австрија (5%) и Словенија (3%).
- Според податоците на Народна банка на Република Македонија, во 2014 година:
  - Дознаките од странство врз основа на лични трансфери изнесуваат 270.3 милиони долари, што е еднакво на 2.2% од БДП;
  - Приливите по основ на останати трансфери изнесуваат 1.852,6 милиони долари, или околу 15% од БДП. Според некои истражувања, се проценува дека половина од овие трансфери се по основ на дознаки од странство.
- Семејствата што примаат дознаки, во просек добиваат по 2.500 евра годишно.
- 80.5% од емиграциите се поради економски причини, 15% поради семјни обврски и брак, 4% поради образование и помалку од 1% од политички и други причини.

Regional Research Promotion Programme | Western Balkans

Оваа публикација е обработувана во проект во рамки на Регионалната Програма за Унапредување на Истражувањето, спроведен од страна на Универзитетот од Фрибург и овозможен од Swiss Agency for Development and Cooperation, SDC, Federal Department of Foreign Affairs. Мислењата изразени во оваа публикација се на авторите и може да не ги изразува мислењата на SDC и Универзитетот од Фрибург.

Finance Think е непрофитна асоцијација за економско истражување, застапување и донесување економски политики.

Нашата Визија

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

Нашата Мисија

Да ја намалиме сиромаштијата, да ги зајакнеме макро-финансиските политики и да ја унапредиме финансиската стабилност преку економски истражувања, советување и препораки за економските политики и поттикнување критичка дебата за економските процеси

Ул. Јордан Мијалков 50/3, 1000 Скопје

+389 2 6147 630
www.financethink.mk
info@financethink.mk

Графикони на месецот за Македонија

Извор: Анкета за дознаки 2012 година; пресметка на Finance Think

Социјалната стабилност на семејствата кои примат дознаки е подобра отколку на тие што не примаат. Семејствата што примаат дознаки имаат пониски стапка на сиромаштија и ризик од сиромаштија, поздрави се, подобро облечени, подобро нахранети и со повисоко обрзование. Но, имаат полоши слободни и рекретивни активности.



Извор: Анкета за дознаки 2012 година; пресметка на Finance Think

Примателите на дознаки во Македонија во просек примаат 12.903 денари месечно. Руралните домаќинства примаат повеќе дознаки, додека нивната потрошувачка е помала. Македонските домаќинства добиваат незначително помалку дознаки од Албанските домаќинства. Но, постои голема разлика помеѓу сиромашните и не-сиромашните домаќинства. Дознаките се значаен извор на приход за потрошувачката на сиромашните домаќинства, пришто 91% од нивната потрошувачка се финансирани од дознаките од странство.

Графикони на месецот за регионот и Европа

Извор: World bank; пресметка на Finance Think

Дознаките во земјите од регионот учествуваат со 3.7% до скоро 16% во БДП. Македонија е на дното од скалата, со 3.7% во однос на БДП, додека Босна и Херцеговина и Косово се на врвот, со учество на дознаките во БДП од 10.8% и 15.9%, соодветно. Сепак, во случајот на Македонија, ова се официјано регистрираните дознаки, а не и дознаки примени преку неофицијални канали.



Извор: Eurostat, пресметка на Finance Think

Кај земјите од Европска Унија може да се забележи дека развиените земји имаат одлив по основ на дознаки, додека главно земјите во развој се приматели на дознаки. Франција, Италија и Велика Британија се земји со најголем одлив по основ на дознаки, додека Португалија, Полска и Романија, земји со најголеми приливи. Ова може да укажува и на насоката на миграција од земјите во развој кон развиените земји.

Графикони на месецот за светот

Топ 10 земји со најголем прилив на дознаки во 2011 година, во милијарди долари



Извор: World Bank, пресметка на Finance Think

Приливите на дознаки во 2011 година во светот изнесуваат 464 милијарди долари, од кои 124 милијарди долари се приливи во Кина и Индија. Најголеми земји приматели на дознаки, освен Кина и Индија, се Мексико, Филипини и Нигерија.

Топ 10 земји со најголем одлив на дознаки во 2011 година, во милијарди долари



Извор: World Bank, пресметка на Finance Think

Листата топ 10 земји со најголем одлив на дознаки ја сочинуваат главно развиените земји. САД, Швајцарија и Саудиска Арабија се најголеми испраќачи на дознаки во светот, во 2011 година.

Инфографикон на месецот



Дознаките се традиционална форма на финансиска помош за семејствата на мирантите кои останале во сопствената земја. Се проценува дека низ светот распространети се околу 230 милиони мигранти. Врз основа на дознаки испратени се 440 милијарди долари во 2013 година. 40% од испратените дознаки се кон рурални средини. Регистрирани се 1.5 милијарди финансиски трансакции за испраќање на дознаките, а просечната трансакција е 200 долари. Азија примила повеќе од половина од вкупно испратените дознаки, околу 260 милијарди долари. Латинска Америка, Европа, Африка и Блискиот Исток примиле слични износи од 30 до 60 милијарди долари во 2013 година.